**ПИ ВИТАМИНКА АД – ПРИЛЕП**
Адреса: „Леце Котески“ бр. 23
7500 Прилеп, Р. Македонија
Телефон: **+389 48 407 407**
Факс: **+389 48 407 452**

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ

## За периодот Јануари – Декември 2017 година

П.И "Витаминка" АД Прилеп за периодот Јануари – Декември 2017 година оствари позитивен финансиски резултат искажан во неревидираниот единечен Биланс на успех.

### Сметководствени политики и методи на вреднување

Во 2017 година евидентирани се промени во сметководствените политики, сметководствени процени и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на П.И "Витаминка" АД Прилеп.

### Вкупни приходи

Остварените единечни вкупни приходи во 2017 година изнесуваат 1.745.010 илјади денари и во споредба со остварените во 2016 година бележат пораст од 1%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 98%, имаат приходите остварени од продажба на производи и услуги од основна дејност, кои во споредба со остварените во 2016 година бележат пораст од 1%.

### Вкупни расходи

Остварените единечни вкупни расходи во 2017 година изнесуваат 1.682.076 илјади денари и во споредба со остварените во 2016 година бележат пад од 3%. Падот на вкупните расходи е во корелација со работењето во 2017 година.

### Дивиденда

На 15.06.2017 година на Годишното собрание на акционери не е одобрена пресметка и исплата на дивиденда за 2016 година, поради инвестициски циклус во кој се наоѓа друштвото.

### Инвестиции

Вкупните инвестиции во основни средства во 2017 година изнесуваат 103.485 илјади денари.

ПИ ВИТАМИНКА АД – ПРИЛЕП
Адреса: „Леце Котески“ бр. 23
7500 Прилеп, Р. Македонија
Телефон: +389 48 407 407
Факс: +389 48 407 452

**Обврски по кредити**

Вкупните единечни обврски по кредити на 31.12.2017 година изнесуваат 250.832 илјади денари и во споредба со состојбата на 31.12.2016 година од 160,363 илјади денари бележат зголемување од 56 %.

**Нови вработувања**

Во периодот Јануари – Декември 2017 година во П.И "Витаминка" АД Прилеп не се реализирани дополнителни нови вработувања.

Прилеп, 12.03.2018 година Финасиско-сметководствен сектор